Врз основа на член 18 став 1 алинеја 9 и член 20 став 1 алинеја 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија", бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14 и 132/14) и член 15 став 1 алинеја 8 од Деловникот за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги бр.01-4351/1 од 29.08.2014 година, а во согласност со Законот за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија", бр.38/05, 110/08 и 51/11), Законот за нотаријатот („Службен весник на Република Македонија", бр.55/07, 86/08, 139/09, 135/11 и 132/14), Законот за легализација на јавните исправи во меѓународниот промет („Службен весник на Република Македонија", бр.74/12), Законот за јавните набавки („Службен весник на Република Македонија", бр. 136/07, 130/08, 97/10, 53/11, 185/11, 15/13, 148/13, 160/13, 28/14, 43/14 и 130/14) и Заклучокот на Советот на Агенцијата бр.02-4952/2 од 14.10.2014 година, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на својата 13-та седница одржана на 14.10.2014 година, донесе:

# П Р А В И Л Н И К
# ЗА НАЧИНОТ НА ДОСТАВУВАЊЕ НА ПРОПРАТНАТА ДОКУМЕНТАЦИЈА КОН ДОПИСИТЕ И ПРИЈАВИТЕ УПАТЕНИ ДО АРХИВАТА НА АГЕНЦИЈАТА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

## Член 1

Со овој Правилник се пропишува начинот на доставување на барањата и другите дописи упатени од заинтересираните физички и правни лица, кои се евидентираат во Деловодникот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (во понатамошниот текст: Агенцијата) и во Уписникот за предметите од првостепената управна постапка (Образец Уп 1) на Агенцијата, заедно со пропратната документација, до архивата на Агенцијата.

## Член 2

Доставувањето на барањата и другите дописи упатени од заинтересираните физички и правни лица, кои се евидентираат во Деловодникот на Агенцијата и во Уписникот за предметите од првостепената управна постапка (Образец Уп 1) на Агенцијата, заедно со пропратната документација, до архивата на Агенцијата се врши во оригинал или копии заверени на нотар, во следниве случаеви:

- За известување на промена на сопственичка структура;
- За засновање и престанок на работен однос (договор за работа);
- За докажување на факти во врска со дозволената и недозволената медиумска концентрација;
- За докажување/негирање на статус на поврзани лица;
- За докажување на извршените статусни промени;
- За докажување на промените во органите на управување и раководење;
- За докажување на изворите на финансирање;
- За добивање на дозвола за телевизиско или радио емитување по пат на јавен конкурс и за добивање на дозвола за телевизиско или радио емитување без објавување на јавен конкурс;
- За уредени авторски и сродни права за создадени и емитувани програми;
- За уредени авторски и сродни права за реемитувани програми и регистрација на пакети програмски сервиси.

**Член 3**

Доколку исправите што се составен дел на пропратната документација се издадени на странски јазик, согласно член 173 став 1 од Законот за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија", бр.38/05, 110/08 и 51/11), истите се поднесуваат во архивата на Агенцијата во заверен превод на македонски јазик, извршен согласно член 62 од Законот за нотаријатот („Службен весник на Република Македонија", бр.55/07, 86/08, 139/09, 135/11 и 132/14).

**Член 4**

За постапувањето со документацијата издадена во странство се применува Законот за легализација на јавните исправи во меѓународниот промет („Службен весник на Република Македонија", бр.74/12).

**Член 5**

Во однос на документацијата во постапките за јавните набавки, се применуваат одредбите од Законот за јавните набавки („Службен весник на Република Македонија", бр. 136/07, 130/08, 97/10, 53/11, 185/11, 15/13, 148/13, 160/13, 28/14, 43/14 и 130/14).

**Член 6**

Овој Правилник влегува во сила со денот на неговто донесување и тој ќе се објави на Огласната табла во Агенцијата и на нејзината веб страница.

**Член 7**

Со денот на влегувањето во сила на овој Правилник, престанува да важи Одлуката за доставување пропратна документација кон барањата и другите дописи упатени до архивата на Советот за радиодифузија на Република Македонија, бр.02-4880/1 од 24.09.2012 година.

**Бр.** 01-4993/1

14.10.**2014 година**
**Скопје**

**Агенција за аудио и**
**Аудиовизуелни медиумски услуги**

**Претседател на Советот,**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**